Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 21.12.2020

На 21.12.2020 во 00.30 часот, полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле од слобода С.А.(43) и Е.А.(33), двајцата од Кочани, затоа што при преглед на возило „опел вектра", во кое се превезувале, биле пронајдени марихуана и хероин. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2020 во с.Долно Крушје, Македонски Брод, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на Д.В.(64), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со огнено оружје и распрскувачки материи". При претресот биле пронајдени и одземени ловечка пушка едноцевна калибар 16мм, ловечка пушка двоцевна, руска - ИЖ-58, 50 ловечки патрони калибар 16мм и два ловечки патрони калибар 12 мм. По целосно документирање на случајот, против Д.В. ќе следи соодветен поднесок.

На 20.12.2020 во 15.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода А.Ј.(32) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.12.2020 во 20.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода Н.З.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

За време на викендот, полициски службеници на подрачјето на СВР Битола извршиле контрола на возачите за управување возило под дејство на алкохол, пречекорување на брзина, престигнување, техничка исправност на возилата, користење на мобилен телефон, сигурносен појас, поседување на возачка дозвола. Притоа, констатирано е дека 21 возач управувале возило под дејство на алкохол и биле отстранети од сообраќај, 43 возачи управувале без возачка дозвола, 17 возила биле нерегистрирани и  на мобилен телефон разговарале седум возачи. За сите неправилности издадени се соодветни казни.

На 19.12.2020 во времето од 16.00 до 22.00 часот СВР Штип, спроведе засилена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 14 возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите возачи биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и издадени им биле записници за констатиран прекршок. Санкционирани се и 39 останати прекршоци.

На 19.12.2020 од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што се регистрирани 13 прекршоци, од кои четири во Велес, четири во Кавадарци и пет во Неготино. Против овие лица ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 20.12.2020 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека М.К.(10) од Скопје, за која нејзината мајка С.К.(39) на 17.12.2020 пријавила дека се оддалечила од домот, била пронајдена и вратена дома.

На 20.12.2020 во 12.08 часот било пријавено дека на ул.„11 Октомври" во Куманово, при ископ на земја со работна машина  - багер, била пронајдена неексплодирана граната од Втората светска војна. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово, а од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била подигната за понатамошна постапка.

На 20.12.2020 во 15.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Д.(44) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.Б.(53) од с.Мешеишта, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој, во текот на оваа и мината година на лице од Охрид му ветувал дека може да му обезбеди виза за САД и доведувајќи го во заблуда, во два наврата побарал и добил сума од 2.000 американски долари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против З.С.(51) од Скопје, Н.Н.(37) од Радовиш и правно лице од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 06.08.2020, при контрола на автобус, сопственост на правното лице, а управувано од З.С., извршена кај кичевското с.Другово, полициските службеници констатирале дека возачот дозволил превоз на патници над дозволениот максимум од 50 проценти од вкупниот капацитет, а правното лице го прекршило протоколот за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19. Пријавениот Н.Н., како одговорен во правниот субјект, со пропуштање на должен надзор и непочитување на протоколот за вршење превоз на патници, овозможил да се врши меѓуопштински линиски превоз на патници повеќе од предвидениот максимум.

На 20.12.2020 во 14.30 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека настанал пожар во работилница на ул.„ЈНА", сопственост на Ш.Ш.(56) од Струга. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Струга. Увид извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 20.12.2020 во 22.20 часот било пријавено дека во с.Ласкарци, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С.(20) и И.Р.(34). По кратко време, во дворот од домот на Б.С. влегле С.М.(39), А.З.(26), Б.З.(33) и И.Р. и физички ги нападнале Т.С.(70), Е.С.(18) и М.С.(44). По целосно документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 20.12.2020 во 19.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било пријавено дека К.А.(15), за кого неговата мајка С.А.(31) од Скопје на 16.12.2020 пријавила дека се оддалечил од домот, бил најден и вратен дома.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Л.(67) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 03.12.2020, врз основа на судска наредба, бил извршен претрес на дом и други простории во „Чојлија", општина Петровец, при што биле пронајдени и одземени една пушка „STEYR M-95-M" и 75 куршуми со калибар 7,9 мм, три ловни патрони калибар 16 мм и една ловна пушка марка ИЖ-18 калибар 16 мм.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Б.М.(32) од Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 05.12.2020 Б.М. спречил полициски службеник при примена на полициски овластувања - приведување на С.П. од Демир Капија.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет